РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Бр. 02-151/4
Скопје, 24.08.2023 година

Записник од осумдесет и четврта седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 24.08.2023 година.

Присутни:
г-дин Антонио Јолевски -Претседател на Советот
г-дин Арбер Исаку Заменик претседател
г-ѓа Душица Димитриевска член
г-дин Влатко Георгиевски член
г-ѓа Јасна Жежова член
г.Ермон Незири член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, г-дин Антонио Јолевски констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на осумдесет и четвртата седница на Советот.

Претседателот на Советот го предложи следениот дневен ред:

1. Усвојување на запизниците од 82 (осумдесет и втората) и 83 (осумдесет и третата) седница на Советот.
2. Разгледување и усвојување на Предлог проекцијата на буџетот на Советот на јавните обвинители на РСМ.
3. Разгледување н усвојување на Стратешкиот план на Советот на јавните обвинители на РСМ период 2023-2026 година.
4. Разно.

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ја отвори 84-та седница на Советот и воедно го предложи дневниот ред. Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред едногласно беа усвоени записниците од 82 (осумдесет и втората) и 83 (осумдесет и третата) седница на Советот.

Под точка два од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски истакна дека оваа точка од дневниот ред е тесно поврзана со точка три, имајќи предвид дека и двата документи треба да се достават до Министерството за финансии на РСМ до 31.08.2023 година, а со цел да се проектира буџетот за 2024 година. Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ги извести членовите на Советот дека Предлогот на проекција на буџетот на Советот бил изготвен од страна на Раководителот на буџетско работење во Советот и воедно ги запозна членовите на Советот се предвидените буџетски средства каде што за Советот биле предвидени како

максимална рамка 26.800.000,00 денари, меѓутоа не биле земени предвид трошоците кои настанале со зголемената цена на услуги, зголемувањето на платите, набавка на опрема и други услуги. Кажа дека е проектиран буџет на повисок износ кој изнесува 45.716.000,00 денари, од кои за плати и надоместоци се однесуваат 35.410.000,00 денари. Воедно ги запозна членовите на Советот со сите ставки и конта, колку средства се предвидени во Предлог проекцијата на буџетот на Советот, за нормално и непречено функционирање на институцијата, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за усвојување на Предлог проекцијата на буџетот на Советот на јавните обвинители на РСМ. Од страна на членовите на Советот едногласно беше усвоен Предлог проекцијата на буџетот на Советот на јавните обвинители на РСМ.

Под точка три од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ги запозна членовите на Советот со содржината на Стратешкиот план на Советот за периодот 2023-2026 година. Воедно истакна дека неможе да се пушти Предлог проекција на буџет без изготвување на Стратешки план на Советот и дека Советот го изготвува секоја година за следните три години. Пред членовите на Советот го образложи истиот осврнувајќи се на извршените анализи и извештаи и останатите активности кои Советот ги има извршено за периодот 2022 и 2023 година, опфаќајќи ги жалбените постапки по кои постапувал Советот како второстепен орган, дисциплинските постапки, постапки за систематизација на јавнообвинителските места на и во јавните обвинителства во РСМ, условите за работа и просториите во кои е сместен Советот, донесените акти за унапредување на јавните обвинители, изборот и разрешувањето на јавни обвинители, стручната служба во Советот како и со останатите работи кои ги извршува Советот предвидени со закон, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема заменик претседателот на Советот г-дин Арбер Исаку кој кажа дека ги поддржува и ќе гласа и за Предлог проекцијата на буџетот на Советот како и за Стратешкиот план на Советот истакнувајќи дека истиот ќе биде презентиран од страна на Претседателот на Советот пред Собранието. Смета дека предвидените средства во буџетот се минимални за нормално функционирање на Советот и смета дека Министерството за финансии и самиот министер за финансии треба да ја прифати и усвои Предлог проекцијата на буџетот на Советот, како Советот би немал потешкотии за нормално функционирање во 2024 година.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за усвојување на Стратешкиот план на Советот на јавните обвинители на РСМ за период 2023-2026 година. Од страна на членовите на Советот едногласно беше усвоен Стратешкиот план на Советот на јавните обвинители на РСМ за период 2023-2026 година.

Под точка разно од дневниот ред претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски истакна дека поради изборот на два нови члена на Советот, треба да се донесе измена на распоредот за работа на членовите на Советот и воедно предложи за координатор за подрачјето на ВЈО Скопје, биде г-ѓа Светлана Жупаноска, а г-ѓа Кети Петкова за координатор за подрачјето на ВЈО Гостивар. Воедно кажа дека г-дин Иџет Мемети ќе биде ставен за координатор за подрачјето на ВЈО Скопје.

Предлогот на претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под истата точка од дневниот ред претседателот на Советот ги запозна членовите на Советот со содржината на писмото – одлука доставена до Советот од страна на ДКСК.

Од страна на членовите на Советот беше одлучено истата да биде архивирана од причина што самата постапка била запрена од страна на ДКСК.

Под истата точка од дневниот ред Претседателот на Советот ги извести членовите на Советот дека имал средба со Претседателот на Здружението на јавните обвинители и дека било дискутирано за Етичкиот кодекс во однос на формулацијата на членот 10 од истиот. Било договорено да се разгледа и доколку има потреба да има измена на

формулацијата на членот 10 од Етичкиот кодекс, Здружението на јавните обвинители да достави предлог до Советот.

Под точката разно г-дин Влатко Георгиевски ги запозна членовите на Советот со содржината на поплаката доставена од страна на Бирото за јавна безбедност при Министерството за внатрешни работи против постапувањето на јавен обвинител во ОЈО Велес. Воедно истакна дека подносителот на поплаката истата ја има доставено и до ЈОРСМ.

Откако никој не зема збор Претседателот на Советот ја заклучи осумдесет и четвртата седница на Советот.

Записникот го водел:
Аспарух Мисајловски
Генерален секретар

СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Антонио Јолевски